... јавна здравствена установа
Институт за трансфузиона медицина
на Република Северна Македонија
Institucioni publik shëndetësor
Instituti për mjekësi të transfuzionit i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02/34
18.02.2022 год./Viti
Скопје / Shkup

**ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**
**Мајка Тереза 17 Скопје тел.3226 923 факс 3119 -227**

www.itm.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РСМ – Скопје ЗА 2021 ГОДИНА

Февруари, 2022

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА**
**ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина на РСМ- Скопје**
**за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година**

## 1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор лекар | Д-р.суб.спец. Седула Усеини | директор | од 29.03.2018 до 31.12.2021 |
| Директор економист | М-р Венко Стомнароски | директор | од 13.01.2020 до 31.12.2021 |

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ е институција со основна дејност собирање, преработка и дистрибуција на крв и компоненти со седиште ул.Мајка Тереза бр.17 Скопје. Институтот е институција која ја врши својата дејност на целата територија организирана со Регионални центри и подружници на целата територија на РСМ во која на 31.12.2021 беа вработени 393 вработени во редовен работен однос и 5 времено вработени работници по основ на договор за дело.

Структура на вработени на 31.12.2021 година:

| Работно место | Број на работници на неопределено и определено време 2020 | Број на работници на неопределено и определено време 2021 | Број на вработени работници по договор за дело 2020 | Број на вработени работници по договор за дело 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Доктор по медицина | 77 | 69 | 0 | 1 |
| Мед. Лаб.сест. и фарм. Тех. | 193 | 176 | 11 | 18 |
| Биолози, психол. и др. | 31 | 33 | 0 | 0 |
| Админис. и технички перонал | 92 | 84 | 16 | 17 |
| **ВКУПНО** | **393** | **362** | **27** | **36** |

Во следната табела е прикажана структурата на вработени (вклучително и вработените кои се на боледување):

| Вработени | 31.12.2015 | 31.12.2016 | 31.12.2017 | 31.12.2018 | 31.12.2019 | 31.12.2020 | 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Медицински кадар | 245 | 259 | 252 | 286 | 310 | 301 | 278 |
| Немедицински кадар | 71 | 67 | 67 | 69 | 84 | 92 | 84 |
| Вкупно | 316 | 326 | 319 | 355 | 394 | 393 | 362 |

**Констатација:**

- Од горенаведената табела може да се констатира дека вкупниот број на вработени во 2021 година е намален за 31 вработен при тоа треба да се земе во предвид дека 22 вработени се заминати во пензија и 11 вработени имаат прекин на работен однос, смрт и др.

Организациска поставеност на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ


УПРАВЕН ОДБОР
МЕНАЏЕРИ
Стручен колегиум
Оддел за обезбедување и контрола на квалитет
ИТМ-СКОПЈЕ
РЦ БИТОЛА
СТМ Прилеп
СТМ Охрид
СТМ Св.Ерасмо
СТМ Неврохирургија
РЦ ТЕТОВО
СТМ Гостивар
СТМ Кичево
СТМ Струга
РЦ ШТИП
СТМ Кочани
СТМ Струмица
СТМ Гевгелија
СТМ Куманово
СТМ Велес
СТМ Кавадарци
СТМ Неготино
СТМ К. Паланка
СТМ ГАК Чаир
СТМ Хирургија Св. Н. Охридски
Оддел за дарување
Одделение за посебни видови дарување (Афереза)
Центар за афрезно колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв
Оддел за контрола на крв
Оддел за преработка на крв
Оддел за клиничка трансфузија и дистрибуција
Оддел за планирање, организација и мотивација на крводарителство
Советувалиште за дарители на крв
Оддел за имунохематолошки анализи и прематални испитувања
Одделение за молекуларна биологија и трансплантациона имунологија со информативен центар за трансплантација (ИЦТ)
Оддел за хемостаза и тромбоза
Одделение за хемодинамски истедувања и амбуланта
Центар за хемофилија
Оддел заеднички работи
Одделение за сметководствено-финансови работи
Одделение за јавни набавки
Одделение за кадровски и правни работи
Одделение за техничко одржување и сервисирање
Одделение за возен парк

## 2.ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и раходите, проценувањето на билансните позиции, револаризацијата, финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ се водени согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници односно врз основа на прописи кои важат (трезорски систем на работење) каде приходите и расходите се прикажуваат врз основа на наплатена реализација и согласно процедурите и сметководстевните политики кои ги има усвоено Институтот.

Сметките на Институтот се во Трезорот на ФЗОМ с-ка 100000000066005 и тоа:

| | |
|---|---|
| Буџетска сметка | 660250005273713 |
| Сметка сопствени средства | 660250005253149 |
| Сметка донации | 660250005248590 |

| | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2020/2021 % |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **791.565.292** | **883.354.986** | **836.174.320** | **94,66%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 463.216.000 | 532.595.000 | 570.241.888 | 107,07% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 327.619.545 | 350.030.239 | 265.202.685 | 75.77% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2019 година | 2020 година | 2021 година | % |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **789.721.603** | **882.529.273** | **834.752.457** | **94,59%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 463.216.000 | 532.595.000 | 570.241.888 | 107,07% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 326.505.603 | 349.934.273 | 264.510.569 | 75,59% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | | 0 | 0 0 | 0,00% |

| | 2019 година | 2020 година | 2021 година | % |
|---|---|---|---|---|

| **БРУТО ДОБИВКА – ПРЕНОС ЗА НАРЕДНА ГОДИНА** | 2019 година | 2020 година | 2021 година | % |
|---|---|---|---|---|
| | **1.843.689** | **825.713** | **1.421.863** | **172,20%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 0 | 0 | 0 | 0,00% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 1.113.942 | 95.966 | 692.116 | 721,21% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|
| **ПРЕСМЕТАН ДАНОК ПО ДБ** | **421.005** | **287.128** | **249.796** |
| **ПЛАТЕН ДАНОК АКОНТАЦ.** | **288.252** | **395.919** | **327.528** |
| **ДАНОК ЗА ВРАЌАЊЕ** | **132.753** | **- 108.791** | **-77.732** |

## АНАЛИЗА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 2.1 Приходи во период од 2014 до 2021 година

А. ФЗОМ

| Приходи од ФЗОМ | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 395.050.571 | 397.062.028 | 461.144.296 | 495.748.294 | 430.946.897 | **499.257.021** | 499.443.049 | **640.891.141** |
| Наплатено | 345.000.000 | 358.000.000 | 393.000.000 | 431.000.000 | 416.228.000 | **463.216.000** | **532.595.000** | **570.241.888** |
| Повеќе/помалку фактурирано | **50.050.571** | **39.062.028** | **68.144.296** | **64.748.294** | **14.718.897** | **36.041.021** | -33.151.951 | 70.649.253 |
| Вкупно повеќе фактурирано 2014-2021 год. | | | | | | | | **310.148.409** |

Наплатено од ФЗОМ 570.241.888
Фактурирано на ФЗОМ 640.891.141
**Повеќе фактурирано** **70.649.253** (записник ФЗОРСМ отпис)

***<u>Приходи-Буџетски средства</u>***

Во 2021 година Институтот има повеќе фактурирано до ФЗОРСМ во износ од **70.649.253** што изнесува за 12,39 % повеќе во однос на конечно доделениот буџет за 2021 година

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2021 изгледаат како што следи:

- 6,84% или 43.856.690 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 40,91% или 262.193.143 денари – специјалистика лабораторија
- 52.25% или 334.841.307 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 640.891.140 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2020 изгледаат како што следи:

- 8,87% или 44.300.550 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 42,61% или 212.815.182 денари – специјалистика лабораторија
- 48.52% или 242.327.317 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.443.049 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2019 изгледаат како што следи:

- 12,21% или 60.966.710 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 49,83% или 248.803.521 денари – специјалистика лабораторија
- 37.95% или 189.486.790 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.257.021 денари ВКУПНО

Од погоре прикажаната структура на услугите што ги извршил Институтот во 2021 година може да се забележи намалување во однос на пакети од прегледи во амбуланта но зголемување на специјалистика лабораторија во однос на 2019 и 2020 година што се должи на состобите со пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Имено состојбите со КОВИД-19 и неговото третирање доведоа до намалување на прегледите во амбулантуте но зголемување на специјалистичката лабораторија поради начинот на кој се спроведоа овие услуги. Во 2021 година може да се забележи зголемен обем на дистрибуција на лекови за лицата со хемофилија што се должи на зголемени потреби на лицата со хемофилија.

**Б. Приходи**

**По програми или други видови на приходи од Министерство за здравство**

| Приходи од буџет | Салдо + 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 4.607.200 | 4.653.000 | 0 | 6.240.000 | 4.634.548 | 4.575.000 | 27.339.153 | 12.120.450 |
| Реализирано | 237.000 | 0 | 237.000 | 0 | 1.467.300 | 7.563.850 | 6.391.860 | 8.468.160 |

**Побарувањата од МЗ на 31.12.2021 година изнесува вкупно 39.804.181 денари. Фактурирањето кон МЗ се однесува главно по програми на лицата за хемофилија, програми за бремени и програми за трансплантација.**

**Остварените сопствени приходи се остварени од следниве приходи:**

| Конто | Приходи | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 723019 | Приходи од обука и образование | 563.776 | 243.807 | 626.015 | 804.380 | 274.568 |
| 723220 | Приходи од крв и крвни деривати | 188.715.158 | 123.048.656 | 144.833.133 | 137.763.444 | 104.464.108 |
| 723819 | Приходи од здравствени услуги | 112.602.385 | 111.690.922 | 139.691.947 | 178.707.654 | 118.415.742 |
| 723911 | Приходи од закуп | 0 | 0 | 7.590 | 66.288 | 13.662 |
| 725939 по ново 723811 | Приходи од приватни пациенти | 9.653.166 | 10.928.952 | 10.445.821 | 9.072.824 | 11.502.448 |
| 725939 | Останати неданочни приходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.074.664 |
| 7259394 | Приходи од вратени аванси | 33.169 | 34.170 | 4.450 | 7.700 | 0 |
| 7259395 | Приходи од враб. (паркинг, казни и др.) | 138.799 | 185.906 | 379.829 | 218.850 | 274.186 |
| 7259397 | Приходи од погрешни уплати и др. уплати | | | 208.466 | 2.800 | 0 |
| 725946 | Приходи од партиципација | 18.993.727 | 20.511.390 | 23.347.160 | 15.869.097 | 20.619.181 |
| 725947 | Приходи од наплатени штети | 37.504 | | | 11.400 | 0 |
| 741112 | Приходи од МЗ по програми | 0 | 1.467.300 | 7.563.850 | 6.391.860 | 8.468.160 |
| 741114 | Пренос на добивка од минати години | 562.179 | 2.985.480 | 489.859 | 1.113.942 | 95.966 |
| 744111 | Приходи од донации | 0 | 2.423.645 | 21.425 | 0 | 0 |
| **Вкупно сопствени приходи:** | | **331.300.663** | **273.520.228** | **327.619.545** | **350.030.239** | **265.202.685** |

***Приходи-Сопствени средства***

Институтот за трансфузиона медицина на РСМ пред се е основан со главна дејност обезбедување на крв и крвни компонети на граѓаните на РСМ. Со својата дејност е единствена таква институција во РСМ. Своите сопствени приходи ги остварува токму од оваа дејнотст собирање, преработка и дистрибуција на крв и крвни компоненти на сите здравствени ЈЗУ и ПЗУ кои имаат потреба од нашите услуги при лекување на болните. Во 2021 година како што може да се забележи и од горната табела, Институтот оваа година бележи намалување на сопствени приходи. Имено во 2021 година приходите се намалени во однос на 2020 година во вредност од 84.827.554 денари. Намалената наплата пред се се должи, покрај нередовното плаќање на обврските од минати година, на сосотојбите со КОВИД-19. Имено ЈЗУ кои беа прогласени за КОВИД-19 центри

набавуваа услуги со зголемен обем поврзани со состојбите со КОВИД-19 но немаа доволно буџети да ги платат своите обврски.

Имено во однос на почетно планираниот финансики план кој изнесуваше 300.000.000 денари Институтот успеа да наплати само 265.202.685 денари што е за 34.797.315 денари помалку.

***Приходи-Донации***

Во 2021 година сметката за донации немаше остварено никаков промет па единствен приход на оваа сметка согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници преставуваа пренесените средства од минатата година во износ од 729.747 денари.

## 2.2 Расходи во 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година

*Споредбена табела на остварени расходи :*

| Конто | Опис | Потрошено во 2017 година | Потрошено во 2018 година | Потрошено во 2019 година | Потрошено во 2020 година | Потрошено во 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | | | | |
| 40 | Плати и надоместоци | 200.185.692 | 204.061.476 | 232.135.655 | 289.449.882 | 269.582.766 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 2.152.360 | 1.409.828 | 1.110.790 | 524.933 | 1.368.954 |
| 421 | Комунални услуги (греење, комун. транс.) | 12.044.970 | 12.111.379 | 14.906.223 | 13.479.029 | 12.772.053 |
| 423 | Материјали и ситен инв.( храна, лекови, мед. м-ли; канц.м-ли, | 483.137.462 | 394.876.381 | 459.974.531 | 511.416.227 | 481.605.711 |
| 423510 | лекови | 261.048.918 | 216.734.713 | 239.425.757 | 249.138.323 | 294.546.976 |
| 423590 | Медицински материјали | 206.672.065 | 162.040.827 | 201.105.698 | 240.732.156 | 166.352.745 |
| 423**** | Ситен инвентар, храна, канц, хигиена,и др | 15.416.479 | 16.100.841 | 19.443.076 | 21.545.748 | 20.795.990 |
| 424 | Поправка и тековно одржување | 7.198.398 | 6.297.430 | 6.596.030 | 9.274.702 | 12.101.242 |
| 425 | Договорни услуги | 42.176.805 | 43.576.846 | 33.452.257 | 22.713.265 | 28.053.817 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.603.101 | 2.480.283 | 1.209.734 | 1.714.568 | 9.806.429 |
| 464 | Разни трансфери-испрат пензија | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.248.362 |
| 465 | Исплати по извршни исправи | 2.805.928 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 6.594.977 | 19.711.363 | 26.240.178 | 21.858.964 | 15.469.132 |
| 481 | Градежни објекти | 1.424.009 | 4.733.383 | 6.862.649 | 6.459.739 | 17.540 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 9.500 | 14.870 | 0 |
| 485 | Компјутерски софтвер | 0 | 0 | 0 | 463.050 | 835.500 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 7.224.056 | 5.160.044 | 1.890.951 |
| Вкупно | | 759.315.183 | 689.258.369 | 789.721.603 | 882.529.273 | 834.752.457 |

Во текот на 2021 година има намалување на расходите од работењето што се должи пред се на намалување на приходите. Намалувањето на расходите во 2021 година во однос на 2020 година изнесува 47.776.816 денари.

Намалувањето на потрошените средства за плати и надоместоци во однос на 2020 година се должи пред се на намалување на бројот на вработени од 393 на 362 вработени како и на различниот начин на прикажување на надоместоците од плата кои беа во директна врска со договорните услуги и другите тековни расходи како и тоа што во 2021 година надоместоците што беа примани како теренски додаток со воведување на дневници за службен пат во земјата доведоа до погоре прикажаните состојби.

Потрошените средства за Материјли и ситен инвентар кои покажуваат намалување за 29.810.516 денари генерално се должи на намалената наплата на средства. Поради зголемениот буџет на средствата добиени од ФЗОРСМ има зголемен потрошок во вредност од 45.408.653 денари во однос на 2020 година на трошоците за лекови додека поради намалената наплата на средствата од сопствената сметка има намлување на овие трошоци во врдност од 74.379.411 денари.

Пораст на трошоци има и на конто 424 Поправки и тековни одржувања а пред се на тековни одржувања кои се однесуваат на постоечките софтвери, апарати и др.опрема. Потрошувачката евидентирана на конто 425 Договорни услуги се должи на извршени компензации со ЈЗУ низ РСМ каде има склучени договори за услуги (режиски трошоци и сл.). Треба да се напомене дека сите подружници на Институтот се наоѓаат во објектите на ЈЗУ и како дел од нив учествуваат во нивните одржувања и тековни трошоци а ние вршиме дистрибуција на крв и крвни компонети и услуги па отаму доаѓаат и меѓусебните побарувања/обврски.

Зголемувањето на расходите за Други тековни расходи се должи на добивање средства од ФЗОРСМ за исплата на бонуси за вработените во 2021 година

**Структура на конто 425: Договорни услуги**

| Конто | Опис | Износ на 31.12.2017 год. | Износ на 31.12.2018 год. | Износ на 31.12.2019 год. | Износ на 31.12.2020 год. | Износ на 31.12.2021 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | 220.936 | 382.119 | **217.630** | **499.140** | 449.140 |
| 425220 | Банкарска провизија | 296.013 | 289.423 | **303.556** | **314.963** | 344.927 |
| 425230 | Осигурување на вработени | 10.915 | 33.546 | **40.853** | **42.627** | 8.814 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 410.246 | 94.119 | **135.750** | **120.641** | 100.520 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 147.104 | 112.460 | **89.881** | **193.348** | 121.126 |
| 425310 | Правни-адвокатски услуги | 618.691 | 605.213 | **740.230** | **464.036** | 305.825 |
| 425320 | Судски вештачења | 113.007 | 4.122 | **60.000** | **64.620** | 0 |
| 425360 | Плаќања на судски такси | 616.427 | 68.575 | **1.382.474** | **18.450** | 2.005 |
| 425490 | Здрав. услуги на осигуреници | 436.390 | 356.999 | **515.663** | **244.907** | 272.710 |
| 425790 | Други образовни услуги | 1.448.127 | 1.554.073 | **1.757.054** | **1.961.000** | 1.738.030 |
| 425910 | Преведување | 67.223 | 11.849 | **163.273** | **20.208** | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање и печатење | 14.954 | 13.196 | **13.521** | **42.372** | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 628.700 | / | **898.350** | **216.825** | 0 |
| 425980 | Надзор за градезни работи | 0 | 70.092 | **163.548** | **176.451** | 71.980 |
| 425990 | Др.неспо. дог. услуги-компезации со ЈЗУ | 32.576.840 | 27.429.465 | **17.641.495** | **16.628.142** | 12.227.582 |
| 4259901 | Др.договорни услуги-допол. дејн. | 0 | 0 | **0** | **1.623** | 1.155.318 |
| 4259903 | ДОГОВОР ЗА ДЕЛО | 3.811.263 | 10.508.634 | **7.896.989** | **1.491.666** | 9.552.962 |
| 42599033 | Персонален данок дог. дело | 424.539 | 1.167.621 | **807.544** | **165.134** | 1.061.420 |
| 4259904 | Терен на лица дог. дело | / | 619.800 | **394.000** | **37.000** | 274.500 |
| 42599044 | Персонален данок терен надвор | 0 | 68.868 | **43.774** | **4.112** | 30.508 |
| 425990*** | Испитни комис.тендер комисии и данок | 0 | 0 | **0** | **6.000** | 286.450 |
| **Вкупно за конто 425** | | **41.841.375** | **43.406.174** | **33.265.585** | **22.713.265** | **28.053.817** |

Во однос на 2020 година во 2021 година има значително зголемување на расходите за Договори за дело што се должи на зголемување на бројот на договорите за дело. Зголемувањето е во износ од 8.958.082 денари..

Намалување на расходите има на контото др.неспом.услуги на кое конто се евидентираа компензациите со ЈЗУ во вредност од 4.400.560 денари. Иако Институтот имаше поднесено предлози за компензација со речиси сите коминтенти од ЈЗУ, ЈЗУ не покажаа интерес за компензација.
Вкупните расходи од Конто 425 Договорни услуги генерално бележат зголемување во однос на 2020 година за 5.340.552 денари.

### Структура на конто 426: Други тековни расходи

| Конто | Опис | Износ на 31.12.2017 год. | Износ на 31.12.2018 год. | Износ на 31.12.2019 год. | Износ на 31.12.2020 год. | Износ на 31.12.2021 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 426110 | Членарина мегународни организации | 0 | 0 | **28.220** | 0 | 140.360 |
| 426120 | Членарина домашни организации | 98.640 | 88.600 | **77.100** | **11.113** | 3.900 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 875.047 | 424.289 | **113.680** | **44.746** | 54.144 |
| 426310 | Семинари | 148.104 | 41.833 | **96.700** | **22.720** | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 324.379 | 312.285 | **409.327** | **491.807** | 395.093 |
| 426990 | Др. оперативни трошоци – повраќај на пари | 121.065 | 166.678 | **245.951** | **201.043** | 49.392 |
| 4269900 | Др. опратив. трошоци - повраќај на донации | 0 | 1.211.612 | 0 | 0 | 0 |
| 4269902* | Управен одбор | 592.100 | 429.000 | **492.000** | **492.000** | 492.000 |
| 42599022* | Пероналеn данок – чл.на У.О. | 65.648 | 47.238 | **54.684** | **54.684** | 54.684 |
| 4269904 | Аконтација данок на добивка | 0 | 234.986 | **238.263** | **395.919** | 218.737 |
| 426990** | Награди, наст ден и даноко | 35.619 | 0 | 0 | 0 | 402.535 |
| **Вкупно за конто 426** | | **2.260.502** | **2.956.521** | **1.755.925** | **1.714.032** | 1.810.815 |

Во **2021 година** на конто 426 - Други тековни расходи изнесуваат вкупно 1.810.815 денар што е на ниво на 2020 година.

## 3. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

### 3.1 Анализа на побарувања на ЈЗУ

| ПОБАРУВАЊА | | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто 1200 | Побарувања од Министерство за здравство | 15.026.200 | 18.193.448 | **15.204.598** | **36.151.891** | 39.804.181 |
| Конто 1220 | Побарувања од ЈЗУ Општи Болници, Здравствени домови | 199.529.906 | 174.718.859 | **171.316.640** | **148.479.243** | 202.263.415 |
| Конто 1221 | Побарувања од ЈЗУ Универзитетски клиники | 176.467.419 | 197.006.677 | **173.020.206** | **148.680.355** | 203.850.957 |
| Конто 1222 | Побарувања од купувачи-останати | 87.500 | 158.958 | **88.870** | **92.360** | 1.400 |
| Конто 1223 | Побарувања од купувачи-странци | 0 | 0 | **0** | **0** | 73.010 |
| Конто 1224 | Побарувања од ПЗУ | 4.899.421 | 8.200.555 | **11.005.579** | **5.676.349** | 5.446.599 |
| Конто 1225 | Побарувања од јавни нездравствени установи | | | **137.344** | **892.611** | 1.164.731 |
| Конто 1226 | Побарувања од др.за закуп и струја | 0 | 0 | **0** | **79.200** | 82.097 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто 1229 | Спорни – сомнителни побарувања | 3.473.615 | 3.473.615 | **3.473.615** | **3.473.615** | **3.473.615** |
| Конто 1300 | Аванси | 36.700 | 0 | **0** | **0** | **74.790** |
| Конто 1509 | Краткорочни побарувања (од вработенит по разни основи) | 40.533 | 17.199 | **33.011** | **22.457** | **88.470** |
| Конто 1740 | Аконтации за данок од добивка | 422.712 | 318.153 | **288.252** | **395.919** | **327.528** |
| **Вкупно** | | **399.983.926** | **402.087.464** | **374.568.115** | **343.944.000** | **456.650.793** |

Побарувањата на Институтот во однос на 2020 година изнесува повеќе за 112.706.793 денари што се должи на намалената наплата на побарувањата, пред се побарувањата од минатите години како и намалената наплата од ЈЗУ посебно ЈЗУ кои во 2021 година беа пренаменети во КОВИД-19 центри.

Институтот има превземено активности за утужување на ненаплатените побарувања, дел од постапките се завршени, дел се во тек, а со дел од добавувачите се склучени договори со нотарски акт со дефиниран начин на наплата. Намалениот обем на наплата ги зголеми и обврските на Институтот према добавувачите што е евидентно во делот Обврски.

Треба да се напомене дека во 2021 година од ПЗУ се наплатени вкупно 20.941.405 денари. Побарувањата во 2021 година од овие ПЗУ во однос на 2020 година бележат благ пораст но се се сведува на тековни побарувања.

### 3.2 Анализа на обврските на ЈЗУ

Табела на обврски:

| Р. Бр. | Назив на добавувач кон кој ЈЗУ има обврска / долг | Обврски 31.12.2017 | Обврски 31.12.2018 | Обврски 31.12.2019 | Обврски 31.12.2020 | Обврски 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | ЈЗУ КЛИНИКИ | 237.668 | 700.310 | **231.858** | **180.355** | **348.452** |
| 1.2 | ЈЗУ ОПШТИ БОЛНИЦИ И ЗД | 13.341.680 | 5.024.386 | **4.794.261** | **3.432.173** | **6.937.735** |
| | ***ВКУПНО ЈЗУ*** | ***13.579.348*** | ***5.724.696*** | ***5.026.119*** | ***3.612.528*** | ***7.286.187*** |
| 2.1 | **Добавувачи за основни средства** | 1.098.484 | 7.874.099 | **10.633.544** | **1.008.475** | **12.651.905** |
| 2.1 | **Добавувачи за лекови** | 243.521.150 | 203.147.912 | **150.410.012** | **130.815.275** | **166.851.710** |
| 2.2 | **Други добавувачи материјали** | 110.326.797 | 148.440.794 | **155.426.844** | **120.457.590** | **221.839.316** |
| | ***ВКУПНО добавувачи*** | ***354.946.431*** | ***359.462.805*** | ***316.470.400*** | ***252.281.340*** | ***401.342.931*** |
| 3.1 | ***Вкупно останати обврски*** | ***6.239.678*** | ***75.897*** | ***95.563*** | ***278.788*** | ***221.575*** |
| | **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **361.186.109** | **365.263.398** | **321.593.082** | **256.172.656** | **408.850.693** |

Обврските на ЈЗУ се зголемија во однос на 2020 година за 152.678.037 денари што преставува големо зголемување на долгот на Институтот. Обврските се зголемија пред се поради намалената наплата на побарувањата кои директно се рефлектираа и на зголемување како и зголемување на обврските поради воведување на НАТ стандарди како и зголемената потрошувачка на реагенси кои директно се поврзани со состојбите со КОВИД-19. **За цели за состојбите со КОВИД 19 Институтот оваа година фактурираше кон ФЗОРСМ услуги и лекови повеќе во вредност од 70.649.253 денари.**

Во 2021 година имаме склучено Договор за солемизација и тоа со добавувачот Др. Пановски и добавувачот Авицена кои се откажаа од каматни побарувања а долгот се исплаќа на рати.

**Состојба на Сметките-паричните средства**

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * | 31.12.2020 * | 31.12.2021 * |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*буџетска сметка*

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * | 31.12.2020 * | 31.12.2021 * |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ | 2.985.480 | 489.859 | 1.113.792 | 40.263 | 614.736 |

*сопствена сметка*

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * | 31.12.2020 * | 31.12.2021 * |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 729.747 |

*сметка донации*

## 5. НАБАВЕНИ И ПОТРОШЕНИ ЛЕКОВИ, МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ,

### 5.1 Набавка и потрошувачка на лекови и медицински материјали

### 5.1.1 Преглед на набавени лекови и медицински материјали

| Конто | Назив на материјалот | Набавени во 2017 | Набавени во 2018 | Набавени во 2019 | Набавени во 2020 | Набавени во 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 246.161.838 | 236.679.935 | 192.357.835 | 292.761.216 | 337.888.637 |
| 310550 | Санитетски материјали | 921.650 | 830.783 | 1.735.164 | 2.572.472 | 2.558.889 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 149.152.049 | 161.954.093 | 177.594.807 | 181.020.804 | 232.048.605 |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 32.442.807 | 38.710.918 | 31.995.738 | 33.698.541 | 34.953.338 |
| | Вкупно | 428.678.344 | 438.175.729 | 403.683.544 | 510.056.033 | 607.449.469 |

### 5.1.2 Преглед на издадени лекови и медицински материјали

| Конто | Назив на материјалот | Потрошено во 2017 | Потрошено во 2018 | Потрошено во 2019 | Потрошено во 2020 | Потрошено во 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 238.616.313 | 231.110.027 | 199.113.126 | 290.110.876 | 333.948.968 |
| 310550 | Санитетски материјали | 918.328 | 828.104 | 1.544.833 | 2.066.602 | 2.749.152 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 147.206.483 | 165.001.332 | 179.796.671 | 171.266.236 | 234.554.797 |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 33.735.805 | 39.297.742 | 32.196.365 | 30.698.250 | 36.465.679 |
| | Вкупно | 420.476.929 | 436.237.205 | 412.650.995 | 494.141.994 | 607.718.596 |

Споредбено со 2020 година може да се види дека набавката и потрошувачката на лекови-фактори на коагулација во 2021 е зголемена при набавка во вредност од 97.393.436 денари додека обемот

на потрошувачка е зголемен за 113.576.602 денари. Со зголемувањето на обемот на лекови во 2021 година немаше недостаток на лекови за хемофилија а залихите беа на оптимално ниво. На крајот од 2021 година Институтот располага со лекови во вредност од 15.736.502 денари.

Во однос на другите реагенси и медицински материјали нема поголеми отстапки во однос на 2020 година. Во 2021 немаше недостатоци на реагенси за редовно работење на Институтот. На крајот од годината Институтот располагаше со залиха на реагенси, медицински и санитетски материјал во вредност од 23.233.987 денари.

**5.2 Залихи на готови производи**

Залихата на готовите производи на 31.12.2021 година е во вкупен износ од 15.882.352 денари што покажува дека има доволна количина на готови компоненти на крв за потребите на пациентите во РСМ. Во 2021 година немаше недостаоци на крв и крвни компоненти. Во 2021 година се работеше да се докомлетира и Софтверот за евиденција на патот на крвта и крвните компоненти е-ДЕЛФИН што веруваме дека ќе дојде до подобра контрола и квалитет на целокупниот процес на крвта и крвните компоненти како во делот на квалитетот на компонентите и сигурната крв така и во делот на евидентирање како и финансиска евиденција на истите.

## 6. ЈАВНИ НАБАВКИ

Од страна на здравствената установа изработен е план за јавни набавки за 2021 година, согласно правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки и истите се донесени со Одлуки на управен одбор како и измените на Годишниот план за ЈН кои се спроведени во текот на годината.

Во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија – Скопје има одделение за Јавни набавки во кој се вработени 2 (две) лица за јавни набавки кои се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки и две лица кои дополнително се вклучуваат во работењето на одделението согласно потребите.

Во ЈЗУ соодветна потврда за положен испит имаат три лица за јавни набавки.

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија - Скопје, постапките за Јавни набавки ги спроведува самостојно.

Во 2021 година спроведени се вкупно 73 постапки од кои 16 набавки од Мала вредност, 43 набавки со Поедноставена отворена постапка, 14 набавки со Отворена постапка. Од набавките склучени се вкупно 82 договори во вкупна вредност од 242.841.855 денари без ДДВ. Во 2021 година Мининстерството за здравство во наше име распиша 2 тендера со Отворена постапка за кои се склучија 6 договори со вкупна вредност од 293.689.310 денари.

**Директор-лекар на ЈЗУ**
Д-р.суб.спец. Седула Усеини ____________________

**Директор економист**
М-р Венко Стомнароски ____________________

**Раководител на сектор за МФР, Сметководство и ЈН**
Дипл. Ек. Боби Божиновски ____________________